Врз основа на член 38 став 2 од Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05, 4/08 и 103/08), министерот за финансии донесе

**Упатство за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи**

**Општа одредба**

1. Со ова упатство се пропишува начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (даноци, придонеси и други задолжителни плаќања утврдени со закон, приливи кои произлегуваат од сопственост на средства, камати, закупнини и слично, надоместоци за дадени добра или услуги и други приливи од продажба на капитални средства) на Буџет на Република Македонија и на буџетите на општините, како и шифрарник за уплатни сметки за јавни приходи (во понатамошниот текст: шифрарник) кој ќе служи за пополнување на елементот уплатна сметка во налогот за јавни приходи.

**Уплата на јавните приходи**

2. Јавните приходи кои се приход на Буџетот на Република Македонија (Централен буџет и буџетите на фондовите) и буџетите на општините се уплатуваат на уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.
3. Заради правилна евиденција на видот на јавните приходи и правилна распределба на средствата на соодветниот корисник задолжително во Налогот за јавни приходи (Образец ПП 50) кој е пропишан со Упатството за формата и содржината на платните инструменти за вршење на платниот промет во земјата, се пополнуваат елементите уплатна сметка и приходна шифра.
4. Елементот уплатна сметка се состои од:

- тип на уплатна сметка, кој во зависност од корисникот на јавните приходи може да биде: 840, 841, 842, 843 и 845, согласно со шифрарникот, кој е даден во прилог 1 и е составен дел од ова упатство;
- ознака на општина, согласно со списокот на општините со ознаки во Република Македонија, кој е даден во прилог 2 и е составен дел од ова упатство и
- индивидуална партија, која го определува видот на јавниот приход.

Елементот приходна шифра во шифрарникот е прикажан како врска со приходно конто, а се пополнува согласно со Правилникот за класификација на приходите.

**Евиденција на јавните приходи**

5. Министерството за финансии води евиденција за јавните приходите на Буџетот на Република Македонија и за буџетите на општините.
6. Корисниците на јавни приходи од точка 2 на ова упатство, врз основа на евиденцијата од точка 5 на ова упатство изготвуваат извештаи за наплатените јавни приходи.
7. Министерството за финансии на дневна основа до Управата за јавни приходи доставува извод за уплатите на уплатните сметки (840 и 843) кои се во нејзина надлежност, до Царинската управа за уплатите на уплатната сметка (845) која е во нејзина надлежност, до фондовите за уплатите на уплатните сметки (842 и 843) кои се во нивна надлежност и до општините за уплатите на уплатните сметки (840) кои се во нивна надлежност.

**Распоредување на јавните приходи**

8. Јавните приходи уплатени на уплатни сметки во рамките на трезорската сметка, а кои се приход на Буџетот на Република Македонија, се распоредуваат на сметките на корисниците на овие приходи согласно со прописи од областа на јавните приходи.
9. Јавните приходи уплатени на уплатни сметки во рамките на трезорската сметка, а кои се приход на буџетите на општините, се распоредуваат на сметките на буџетите на општините согласно со прописи од областа на јавните приходи.
10. Јавните приходи за кои наплата врши Царинската управа, се уплатуваат на трезорската сметка, а на елементот уплатна сметка од Налогот за јавни приходи задолжително се внесуваат податоци за сметката 845***00960. Сите уплати на трезорската сметка на оваа уплатна сметка, се доставуваат до Царинската управа, заради обезбедување на контрола на наплатата и давање на распоред на приходите по видови на соодветна уплатна сметка од типот 840.
Царинската управа, распоредувањето по видови приходи го врши во електронска форма, согласно својата евиденција и го доставува до Министерството за финансии на дневна основа.

**Поврат и пренасочување на уплатени, односно наплатени јавни приходи**

11. Поврат на јавни приходи се врши во случај кога се работи за погрешно, повеќе уплатени односно, наплатени јавни приходи, како и уплатени јавни приходи по кои не е настанато правно дејство.
Пренасочување на јавни приходи се врши единствено кога се работи за погрешно уплатени јавни приходи.
Повратот, односно пренасочувањето од став 1 и 2 од оваа точка, се врши првенствено на товар на уплатната сметка на која е уплатен јавниот приход, а доколку такви приходи нема, тогаш на другите јавни приходи на корисникот на средствата. Доколку повратот, односно пренасочувањето треба да се изврши на товар на уплатен јавен приход за кој уплатната сметка е укината, тогаш се врши од сродна уплатна сметка.
12. Поврат од точка 11 став 1 од ова упатство, со исклучок на јавните приходи од точките 13, 14, 15 и 16 од ова упатство по грешка на обврзникот се врши со решение на министерот за финансии врз основа на поднесно барање од страна на

обврзникот, доказ со кој е извршена уплатата, потврда од надлежен орган за погрешно извршена уплата односно, уплата во поголем износ, односно за уплата по која не е настанато правно дејство.
Пренасочување од точка 11 став 2 од ова упатство, со исклучок на јавните приходи од точките 13, 14, 15 и 16 од ова упатство по грешка на обврзникот се врши со решение на министерот за финансии врз основа на поднесено барање за пренасочување, доказ со кој е извршена уплатата, како и потврда од надлежен орган за погрешно извршена уплата.
По исклучок од ставот 1 и 2 на оваа точка за грешки при вршење на платен промет повратот, односно пренасочувањето со налог го врши Трезорот врз основа на писмено барање од страна на носителот на платен промет и доказ за направената грешка.
13. Поврат, односно пренасочување од точка 11 став 1 и 2 од ова упатство, за јавните приходи уплатени на трезорската сметка на уплатна сметка за кои е надлежна Управата за јавни приходи, се врши со решение на директорот на Управата за јавни приходи, врз основа на поднесено барање од страна на обврзникот и доказ за извршена уплата.
По исклучок од ставот 1 на оваа точка за грешки при вршење на платен промет повратот, односно пренасочувањето се врши со налог на Управата за јавни приходи врз основа на писмено барање од страна на носителот на платен промет и доказ за направената грешка.
14. Поврат, односно пренасочување од точка 11 став 1 и 2 од ова упатство, за јавните приходи уплатени на трезорската сметка на уплатна сметка за кои е надлежна Царинската управа, се врши со решение на директорот на Царинската управа, врз основа на поднесено барање од страна на обврзникот и доказ за извршена уплата.
По исклучок од ставот 1 на оваа точка за грешки при вршење на платен промет повратот, односно пренасочувањето се врши со налог на Царинската управа, врз основа на писмено барање од страна на носителот на платен промет и доказ за направената грешка.
15. Поврат, односно пренасочување од точка 11 став 1 и 2 од ова упатство, за јавните приходи уплатени на трезорската сметка на уплатни сметки за кои се надлежни фондовите, го вршат фондовите врз основа на поднесено барање од страна на обврзникот и доказ за извршена уплата.
По исклучок од ставот 1 на оваа точка за грешки при вршење на платен промет повратот, односно пренасочувањето се врши со налог на фондовите врз основа на писмено барање од страна на носителот на платен промет и доказ за направената грешка.
16. Поврат, односно пренасочување од точка 11 став 1 и 2 од ова упатство, за јавните приходи уплатени на трезорската сметка на уплатна сметка за кои се надлежни општините, се врши со решение на градоначалникот на општината, врз основа на поднесено барање од страна на обврзникот и доказ за извршена уплата.
По исклучок од ставот 1 на оваа точка за грешки при вршење на платен промет повратот, односно пренасочувањето се врши со налог на градоначалникот на општината врз основа на писмено барање од страна на носителот на платен промет и доказ за направената грешка.

**Преодни и завршни одредби**

17. Со влегувањето во сила на ова упатство, престанува да важи Упатство за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи ("Службен весник РМ" бр. 08/06, 42/06, 84/06, 138/06, 54/07, 102/07, 61/08 и 105/08).
18. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**Бр. 08-30209/1**
**04.09.2009 година**
**Скопје**

**Заменик претседател на Влада и**
**Министер за финансии**
**м-р Зоран Ставрески**

**Прилог 1**

# Ш И Ф Р А Р Н И К
# НА УПЛАТНИ СМЕТКИ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

## И. ПРИХОДИ НА РЕПУБЛИКАТА И НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

### 1. Данок на добивка

| р. бр | с-ка | Назив на уплатна сметка | врска со приходно конто |
|---|---|---|---|
| 1 | 840-1013 | данок на добивка по годишен даночен биланс за даночни обврзници - корисници и единки корисници на средства од Буџетот на РМ, единици на локалната самоуправа и фондови | 711213 |
| 2 | 840-1029 | месечни аконтации на данок на добивка за даночни обврзници - корисници и единки корисници на средства од Буџетот на РМ, единици на локалната самоуправа и фондови | 711211 |
| 3 | 840-1034 | данок на добивка утврден при престанување на условите за користење на даночни олеснувања и ослободувања за даночни обврзници - корисници и единки корисници на средства од Буџетот на РМ, единици на локалната самоуправа и фондови | 711214 |
| 4 | 840-1060 | данок на добивка по годишен даночен биланс за даночни обврзници-трговски друштва, јавни претпријатија и други правни лица | 711216 |
| 5 | 840-1076 | месечни аконтации на данок на добивка за даночни обврзници-трговски друштва, јавни претпријатија и други правни лица | 711212 |
| 6 | 840-1081 | данок на добивка утврден при престанување на условите за користење на даночни олеснувања и ослободувања за даночни обврзници-трговски друштва, јавни претпријатија и други правни лица | 711217 |
| 7 | 840-1193 | камата за ненавремено плаќање на данок на добивка | 711215 |
| 8 | 840-1097 | задржан данок на приход платен на странски правни лица | |
| 9 | 840-1146 | камата за ненавремено плаќање на задржан данок на приход платен на странски правни лица | |
| 10 | 840-1151 | годишен данок на вкупен приход | 711229 |

При плаќањето на јавни приходи на уплатните сметки 840-1097 и 840-1146, приходното конто се пополнува зависно од основот на задржаниот данок на приход што се плаќа на странски правни лица.

### 2. Персонален данок на доход

2.1. Данок на доход на плати и на други лични примања

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 840-1242 | данок на плати на вработени лица кај корисниците и единките корисници на средства од Буџетот на РМ, единиците на локалната самоуправа и градот Скопје и фондовите основани со Закон | 711111 |
| 2 | 840-1258 | данок на други лични примања на вработени лица кај корисниците и единките корисници на средства од Буџетот на РМ, единиците на локалната самоуправа и градот Скопје и фондовите основани со Закон | 711130 |
| 3 | 840-1263 | данок на плати на вработени лица во трговски друштва, јавни претпријатија, кај трговци и кај други правни и физички лица што вршат дејност, кои не се корисници и единки корисници на Буџетот | 711112 |
| 4 | 840-1284 | данок на други лични примања на вработени лица во трговски друштва, јавни претпријатија, кај трговци и кај други правни и физички лица што вршат дејност, кои не се корисници и единки корисници на Буџетот | 711131 |
| 5 | 840-1307 | данок на плати остварени во странство | 711114 |
| 6 | 840-1328 | данок на други лични примања остварени во странство | 711132 |
| 7 | 840-1403 | данок на примања остварени по основ на договор за дело | 711115 |
| 8 | 840-1349 | данок на лични примања на носители на јавни функции, на членови на органи на управување и на органи на надзор на трговски друштва, членови на МАНУ, судии поротници, вешти лица и слично | 711117 |
| 9 | 840-1221 | данок на пензии | 711113 |

2.2. Данок на доход на приходи од земјоделство и шумарство:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 840-1312 | данок на доход на земјоделска дејност утврден според катастарски приход | 711116 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | 840-1333 | данок на доход на земјоделска дејност утврден според вистински доход | 711134 |

2.3 Данок на доход на приходи од самостојна дејност:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 840-1471 | данок на доход на приходи од самостојна дејност, освен од занаетчиска дејност | 711118 |
| 2 | 840-1536 | данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност | 711133 |
| 3 | 840-1578 | данок на доход на приходи од самостојна дејност според паушално утврден нето приход | 711135 |
| 4 | 840-1515 | данок на доход на приходи од занаетчиска дејност според паушално утврден нето приход | 711139 |

2.4. Данок на доход на приходи од имот и имотни права:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 840-1375 | данок на доход на приходи од имот и имотни права по одбивка | 711119 |
| 2 | 840-1380 | данок на доход на приходи од имот и имотни права по решение на органот за јавни приходи | 711120 |

2.5. Данок на доход на приходи од авторски права и права од индустриска сопственост:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 840-1450 | данок на доход на приходи од авторски права и права од индустриска сопственост | 711121 |

2.6. Данок на доход на приходи од капитал:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 840-1466 | данок на доход на приходи од дивиденди и други приходи остварени со учество во добивката | 711122 |
| 2 | 840-1424 | данок на доход на приходи од капитал од камата | 711123 |

2.7. Данок на доход на приходи од капитални добивки:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 840-1541 | данок на доход на приходи од капитални добивки - од продажба на недвижности | 711124 |
| 2 | 840-1520 | данок на доход на приходи од капитални добивки - од продажба на хартии од вредност | 711125 |
| 3 | 840-1557 | данок на доход на приходи од капитални добивки - од учество во капиталот | 711136 |

2.8. Данок на доход на приходи од добивки од игри на среќа и други наградни игри:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 840-1419 | данок на доход на приходи од добивки од игри на среќа и други наградни игри | 711126 |

2.9. Данок на доход на други видови на приходи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 840-1583 | данок на доход на други видови на приходи | 711128 |

2.10. Данок на доход утврден со годишно решение на органот за јавни приходи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 840-14193 | данок на доход утврден со годишно решение на органот за јавни приходи, освен од даночни обврзници кои се занимаваат со занаетчиска дејност | 711127 |
| 2 | 840-14200 | данок на доход утврден со годишно решение на органот за јавни приходи, од даночни обврзници кои се занимаваат со занаетчиска дејност | 711137 |

2.11. Камата за ненавремено плаќање на персонален данок на доход

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 840-1354 | камата за ненавремено плаќање на персонален данок на доход | 711129 |
| 2 | 840-1599 | камата за ненавремено плаќање на персонален данок на доход од занаетчиска дејност | 711140 |

2.12 Данок на доход остварен од неоданочени или нецелосно оданочени приходи

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 840-1396 | данок на доход од неоданочени или нецелосно оданочени приходи | 711138 |

**3. Данок на промет на производи и услуги, данок на додадена вредност и акцизи**

3.1 Данок на додадена вредност:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 840-2671 | данок на додадена вредност при увоз на добра | 714115 |
| 2 | 840-2687 | данок на додадена вредност при промет во земјата | 714116 |
| 3 | 840-2902 | данок на додадена вредност по основ на донации | 714119 |
| 4 | 840-2715 | камата за ненавремено плаќање на данок на додадена вредност | 714118 |

3.2 Акцизи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 840-2213 | акциза на моторен бензин (МБ-86) | 714212 |
| 2 | 840-2229 | акциза на безоловен бензин БМБ-95 | 714213 |
| 3 | 840-2208 | акциза на моторен бензин (МБ-98) | 714250 |
| 4 | 840-2806 | акциза на моторен бензин МБ-96 (премиум) | 714254 |
| 5 | 840-2811 | акциза на безоловен моторен бензин БМБ-90 (регулар) | 714255 |
| 6 | 840-2827 | акциза на безоловен моторен бензин БМБ-95 (премиум) | 714256 |
| 7 | 840-2234 | акциза на керозин како погонско гориво | 714214 |
| 8 | 840-2853 | акциза на керозин како гориво за греење | 714216 |
| 9 | 840-2260 | акциза на авионски бензин (тарифна ознака 2710 11 31 00) | 714251 |
| 10 | 840-2255 | акциза на гасно масло како погонско гориво (Д-1) | 714215 |
| 11 | 840-2351 | акциза на гасно масло како погонско гориво (Д-2) | 714252 |
| 12 | 840-2832 | акциза на гориво за дизел мотори Д (дизел) | 714257 |
| 13 | 840-2869 | акциза мазут М-1 и мазут М-2 | 714258 |
| 14 | 840-2281 | акциза на гасно масло како гориво за греење (ЕЛ) | 714218 |
| 15 | 840-2297 | акциза на минерални масла од тарифните ознаки 2710 00 39 00, 2710 00 87 00, 2710 00 88 00, 2710 00 89 00, 2710 00 92 00 и 2710 00 94 00; | 714219 |
| 16 | 840-2304 | акциза на течен нафтен гас како погонско гориво (ТНГ - ПГ) | 714220 |
| 17 | 840-2325 | акциза на течен нафтен гас како гориво за греење (ТНГ - ГГ) | 714253 |
| 18 | 840-5743 | акцизи при увоз на минерални масла | 714221 |
| 19 | 840-2117 | акциза на тутунски добра | 714222 |
| 20 | 840-5717 | акциза при увоз на тутунски добра (преработки од тутун) | 714223 |
| 21 | 840-2330 | акциза на етил алкохол, меѓупроизводи, други пенливи пијалоци и непенливи пијалоци | 714224 |
| 22 | 840-2367 | акциза при увоз на етил алкохол, меѓупроизводи, други пенливи пијалоци и други непенливи пијалоци | 714227 |
| 23 | 840-21233 | акциза на пиво | 714230 |
| 24 | 840-5738 | акциза при увоз на пиво | 714231 |
| 25 | 840-2185 | акциза на патнички автомобили | 714232 |
| 26 | 840- 2757 | камата за ненавремено плаќање на акцизи | 714249 |
| 27 | 840-2388 | акцизи по основ на донации | |
| 28 | 840-2874 | акциза за безоловен моторен бензин БМБ - 91 (регулар) | 714259 |
| 29 | 840-2895 | акциза за безоловен моторен бензин БМБ - 98 (супер) | 714260 |
| 30 | 840-2918 | гориво за дизел мотори Д - Е III (дизел - Е III) | 714261 |
| 31 | 840-2923 | акциза на дизел гориво ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV) | 714262 |
| 32 | 840-2939 | акциза на гасно масло-гориво за греење (ЕЛ-1) | 714263 |
| 33 | 840-2944 | акциза на ЕУРОСУПЕР БС-95 | 714264 |
| 34 | 840-2965 | акциза на ЕУРОСУПЕР БС-95 | 714265 |
| 35 | 840-2970 | акциза на ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 714266 |
| 36 | 840-2986 | акциза на мазут (М-1 НС) | 714267 |

При плаќањето на јавни приходи на уплатната сметка 840-2388, приходното конто се пополнува зависно од видот на акцизата што се плаќа по основ на донација.

3.3 Јавни приходи кои ги открива Управата за јавни приходи во постапка за инспекциски надзор:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 840-2762 | утврдени непресметани и неправилно пресметани даноци | |
| 2 | 840-2778 | камата за ненавремено плаќање на утврдени непресметани и неправилно пресметани даноци | |

При плаќање на јавни приходи на овие уплатни сметки, приходното конто се пополнува зависно од видот на данокот, односно каматата што се плаќа.

3.3.1 Споредни даночни давачки

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 840-2720 | паричен додаток за задоцнето поднесување на даночна пријава | |
| 2 | 840-2736 | паричен додаток за ненавремено плаќање по опомена | |
| 3 | 840-2799 | еднократна посебна такса во присилна наплата на даночни долгови | |

При плаќање на јавни приходи на овие уплатни сметки приходното конто се пополнува зависно од видот на данокот, односно каматата за кој се однесува утврдената давачка.

3.4 Јавни приходи кои ги открива општинската администрација:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 840-2783 | даноци, такси и надоместоци откриени од општинска администрација | |

При плаќање на јавни приходи на уплатна сметка 840-2783, приходното конто се пополнува зависно од видот на данокот, таксата и надоместокот што се плаќа.

**4. Даноци на имот**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 840-2507 | данок на имот од физички лица | 713111 |
| 2 | 840-2512 | данок на имот од правни лица | 713113 |
| 2 | 840-2533 | данок на наследство и подарок | 713211 |
| 3 | 840-2400 | данок на промет на недвижности | 713311 |
| 4 | 840-2421 | камата за ненавремено плаќање на данокот на имот | 713512 |
| 5 | 840-2575 | данок на имот по повисока стапка | 713112 |
| 6 | 840-2580 | данок на промет на недвижности по повисока стапка | 713312 |

**5.Такси**

5.1 Административни такси:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 840-3140 | конзуларни такси | 722312 |
| 2 | 840-3161 | административни такси во готови пари | 722313 |
| 3 | 840-3198 | приходи остварени со продажба на мало на административни таксени марки | 722314 |
| 4 | 840-3182 | административни такси кои се плаќаат за списите и дејствијата кај органите на општината | 722315 |
| 5 | 840-3114 | административни такси кои се плаќаат за списите и дејствијата кај органот надлежен за царина | 722317 |
| 6 | 840-3135 | административни такси за индустриска сопственост | |
| 7 | 840-3413 | административна такса за увоз, извоз и транзит на стока | 722322 |

При плаќањето на јавни приходи на уплатната сметка 840-3135, приходното конто се пополнува зависно од основот на административната такса што се плаќа за индустриска сопственост.

5.2 Комунални такси:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 840-3205 | комунална такса за привремен престој | 717111 |
| 2 | 840-3210 | комунална такса за истакнување на фирми, односно назив на деловна просторија | 717112 |
| 3 | 840-3273 | комунална такса за користење на улици со патнички, товарни, моторни возила, автобуси, специјални возила и моторцикли што се плаќа при регистрација на возилата | 717115 |
| 4 | 840-3247 | други комунални такси | 717129 |
| 5 | 840-3289 | комунална такса за користење и одржување на јавно осветление | 717116 |
| 6 | 840-3268 | посебни превозни такси | 717121 |
| 7 | 840-3226 | комунална такса за користење на површини во кампови подигање на шатори и друга слична привремена употреба | 717130 |
| 8 | 840-3231 | комунална такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност | 717131 |
| 9 | 840-3252 | комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места | 717132 |
| 10 | 840-3294 | комунална такса за користење музика во јавните локали | 717133 |
| 11 | 840-3301 | комунална такса за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории | 717134 |
| 12 | 840-3317 | комунална такса за користење на плоштади и друг простор во градовите и другите населени места со цел изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби за вршење на дејност | 717135 |
| 13 | 840-3322 | комунална такса за користење на просторот за паркирање на моторни возила | 717136 |
| 14 | 840-3408 | камата за ненавремено плаќање на комунални такси кои се приход на ЕЛС | 717140 |

5.3 Судски такси:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 840-3338 | судски такси во готови пари што ги плаќаат правни лица | 722211 |
| 2 | 840-3359 | судски такси во готови пари што ги плаќаат физички лица | 722213 |
| 3 | 840-3364 | приходи остварени со продажба на мало на судски таксени марки од емисија на марки | 722214 |

5.4 Локални такси:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 840-3390 | други локални такси | 722316 |

**6. Царински и посебни увозни давачки**

6.1 Давачките во царинската постапка, уплатени на трезорската сметка кои на елементот уплатна сметка имаат ознака 845 Царинската управа ги распоредува на следниве уплатни сметки:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 840-4111 | царини од правни лица | 715112 |
| 2 | 840-4127 | царини од физички лица | 715113 |
| 3 | 840-4309 | посебни давачки при увозот на земјоделски и прехранбени производи (прелевмани) | 715311 |
| 4 | 840-4340 | лежарина на стоки сместени во царински магацини и стоваришта | 715316 |
| 5 | 840-4361 | останати приходи од царини | 715319 |
| 6 | 840-4452 | компензаторна камата | 715317 |
| 7 | 840-4468 | камати за ненавремено платени царински давачки | 715318 |
| 8 | 840-4489 | такса за извоз на непреработени и преработени земјоделски производи | 715321 |
| 9 | 840-4494 | царина од увоз на земјоделска механизација и опрема | 715320 |
| 10 | 840-4501 | прелевмани за примарни земјоделски производи | 715312 |
| 11 | 840-4517 | прелевмани за преработени земјоделски производи | 715313 |
| 12 | 840-4522 | приходи за поддршка на надворешната трговија | 715322 |
| 13 | 840-4538 | царински давачки за индустриски производи | 715323 |
| 14 | 840-4543 | царински давачки по вредност за земјоделски производи | 715324 |
| 15 | 840-4559 | царински давачки по единична мерка за земјоделски производи | 715325 |
| 16 | 840-4564 | компензаторна камата (ДДВ) | 715326 |
| 17 | 840-4585 | камата за долг (ДДВ) | 715327 |
| 18 | 840-4590 | камата за долг (царина) | 715328 |
| 19 | 840-4608 | компензаторна камата (царина) | 715329 |
| 20 | 840-4613 | акциза по единична мерка за тутунски производи | 715330 |
| 21 | 840-4629 | акциза по вредност за тутунски производи | 715331 |

**7. Глоби по посебни прописи**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 840-5103 | глоби за царински прекршоци | 722119 |
| 2 | 840-5007 | глоби од сообраќајни прекршоци | 722111 |
| 3 | 840-5150 | глоби за кривични дела | 722113 |
| 4 | 840-5166 | глоби за девизни прекршоци | 722114 |
| 5 | 840-5171 | глоби за даночни прекршоци | 722118 |
| 6 | 840-5187 | други глоби | 722129 |
| 7 | 840-5192 | парични средства добиени од продажба на одземени стоки | 722115 |
| 8 | 840-5215 | глоби за невоведување и некористење на фискална опрема | 722120 |
| 9 | 840-5220 | глоби од комунални прекршоци | |
| 10 | 840-5236 | глоби од имотни прекршоци | |
| 11 | 840-5241 | глоби за сторени прекршоци од областа на заштита од пожари и експлозиии | 722122 |
| 12 | 840-5257 | глоби за сторени прекршоци од области во надлежност на органот за економија | 722123 |
| 13 | 840-5262 | глоби за сторени прекршоци од области во надлежност на органот за животна средина и просторно планирање | 722124 |
| 14 | 840-5278 | глоби за сторени прекршоци од области во надлежност на органот за земјоделство, шумарство и водостопанство | 722125 |
| 15 | 840-5283 | глоби за сторени прекршоци од области во надлежност на ораганот за транспорт и врски | 722126 |
| 16 | 840-5299 | глоби за сторени прекршоци во областа на заштитата на личните податоци | 722127 |
| 17 | 840-5311 | глоби за сторени прекршоци од области во надлежност на органот за култура | 722128 |
| 18 | 840-5327 | глоби за сторени прекршоци од области во надлежност на органот за труд и социјала | 722130 |
| 19 | 840-5332 | парични средства за намалување или отстранување на штетните последици од кривични дела | 722131 |
| 20 | 840-5348 | глоби за сторени прекршоци од области во надлежност на Агенцијата за пошти | 722132 |
| 21 | 840-5306 | глоби за сторени прекршоци од области во надлежност на Комисијата за хартии од вредност | 722133 |

При плаќање на јавни приходи на уплатните сметки 840-5220 и 840-5236, приходното конто се пополнува зависно од видот на таксата, односно данокот.

**8. Приходи што ги остваруваат органите на управата, правосудните органи и други приходи**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 840-6116 | приходи на органите на управата | 725930 |
| 2 | 840-6137 | надомест на трошоци за судска и прекршочна постапка | 724132 |
| 3 | 840-6158 | претприемачки приход и приходи од имот | 721313 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 | 840-6163 | приходи од тендери (јавни нарачки) | 724125 |
| 5 | 840-6179 | приходи од локации за изградба на инвестициони објекти | 718116 |
| 6 | 840-6184 | приходи од здравствена заштита на животни | 724127 |
| 7 | 840-6212 | приходи од регистрација на возила за СПИ | 724134 |
| 8 | 840-62184 | приходи од одземени средства по посебни прописи | 725923 |
| 9 | 840-62207 | надомест за лиценци од игри на среќа | 718113 |
| 10 | 840-62212 | месечен паушален надомест од одделни игри на среќа | 718114 |
| 11 | 840-6233 | приходи од задолжителна контрола на растенија | 724128 |
| 12 | 840-6249 | приходи од продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на Република Македонија | 733111 |
| 13 | 840-6275 | надомест за изработка на просторни и урбанистички планови | 724112 |
| 14 | 840-6296 | приходи од продажба на акции и удели на државен капитал | 771211 |
| 15 | 840-6303 | приходи од продажба на капитални средства | 731111 |
| 16 | 840-6345 | надомест за пренамена и закуп на земјиште | 718115 |
| 17 | 840-6350 | останати неданочни приходи | 725939 |
| 18 | 840-6366 | посебни давачки за игри на среќа и забавни игри од 4% и 18% | 724135 |
| 19 | 840-6709 | приходи од игри на среќа од неподигнати стокови и парични добивки | 724133 |
| 20 | 840-6051 | приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата | 733115 |
| 21 | 840-6072 | приходи од концесии на земјоделско земјиште во сопственост на државата | 733117 |
| 22 | 840-6415 | надомест за концесии на дивечот во ловиштата | 733121 |
| 23 | 840-6420 | надомест за концесии на рибниот фонд | 733122 |
| 24 | 840-6436 | надомест за концесии на водите | 733123 |
| 25 | 840-6371 | надомест за детални геолошки истражувања | 733118 |
| 26 | 840-6387 | надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основ на простор) | 733119 |
| 27 | 840-6392 | надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основ на експлоатирана минерална суровина) | 733120 |
| 28 | 840-6441 | надомест за концесии за вршење на радиодифузна дејност - радио и телевизија | 733124 |
| 29 | 840-6457 | надомест за концесии за дистрибуција на радио и ТВ програми преку кабелска мрежа | 733125 |
| 30 | 840-6228 | приходи од приватизација на градежно изградено земјиште во сопственост на Република Македонија | 733127 |
| 31 | 840-6478 | приходи од продажба и закуп на ствари во државна сопственост, кои престанале да ги користат органите на државната управа | 733128 |
| 32 | 840-6499 | приходи од враќање на примен надомест за одземен и експроприран имот | 733129 |
| 33 | 840-6506 | надоместок за добивање лиценца за угостителска дејност во ноќен бар, кабаре, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор | 718117 |
| 34 | 840-6511 | надоместок за уредување на градежно земјиште | 717137 |
| 35 | 840-6527 | надоместоци од комунална дејност | 717138 |
| 36 | 840-6548 | приходи од продажба на општински имот | 731117 |
| 37 | 840-6553 | приходи од закупнина на општински имот | 723914 |
| 38 | 840-6574 | приходи остварени по инспекциски надзор на угостителски објекти по отстранување на недостатоците | 722121 |
| 39 | 840-6595 | надомест за заштита на животна средина за добивање дозвола за увоз на употребувани производи, стоки и отпадоци и остатоци од олово, пепел и остатоци што содржат главно олово, отпадоци и остатоци од потрошени примарни ќелии, потрошени примарни батерии и потрошени електрични акумулатори и отпадоци и остатоци што содржат олово | 718118 |
| 40 | 840-6602 | надоместок за заштита на животна средина за добивање на дозвола за извоз на делови собрани од природата | 718119 |
| 41 | 840-6618 | надомест за заштита на животна средина за добивање на дозвола за увоз на супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка | 718120 |
| 42 | 840-6623 | надомест за заштита на животна средина при регистрација на моторни возила и пловни објекти | 718121 |
| 43 | 840-6639 | надомест за заштита на животна средина при сеча на дрва | 718122 |
| 44 | 840-6644 | надомест за заштита на животната средина за управување со индустриски неопасен отпад | 718123 |
| 45 | 840-6665 | надомест за заштита на животна средина при производство или увоз на тутунски производи | 718124 |
| 46 | 840-6670 | надомест за заштита на животна средина при производство или увоз на нафтени деривати | 718125 |
| 47 | 840-6686 | надомест за заштита на животна средина за пластични производи и амбалажа од пластични маси | 718126 |
| 48 | 840-6691 | надомест кој го плаќаат операторите на инсталациите со Б-интегрирана еколошка дозвола на општината односно градот Скопје | 718127 |
| 49 | 840-6714 | надомест за заштита на природата за влез и посета на заштитено подрачје | 718128 |
| 50 | 840-6735 | надомест за заштита на природата за паркирање во заштитено подрачје | 718129 |
| 51 | 840-6740 | надомест за заштита на природата за посета на посебни објекти во заштитеното подрачје | 718130 |
| 52 | 840-6756 | надомест за заштита на природата за отстрел на диви видови животни и собирање на диви видови растенија и габи и други шумски плодови | 718131 |
| 53 | 840-6761 | надомест за заштита на природата за престој во заштитено подрачје | 718132 |
| 54 | 840-6777 | средства за заштита на природата стекнати со вршење на активности во зона на активно управување | 718133 |
| 55 | 840-6782 | надомест за управување со отпад на општината односно градот Скопје | 718134 |
| 56 | 840-6798 | 2% од наплатените премии за осигурување на моторни возила (Каско) и осигурување од одговорност од употреба на моторните возила | 725943 |
| 57 | 840-6805 | приходи од продажба на претпријатија со општествен капитал | 731118 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 58 | 840-6810 | приходи од продажба на државен капитал при трансформација на јавни установи | 731119 |
| 59 | 840-6831 | приходи од надомест за долготраен закуп и времен закуп на градежно земјиште | 733131 |
| 60 | 840-6847 | надомест што плаќаат правните лица кои што произведуваат или увезуваат тутунски производи кои содржат штетни материи по здравјето на населението | 718135 |
| 61 | 840-6901 | надоместок што го плаќаат правните лица кои што произведуваат или увезуваат тутунски производи за финансирање на примарното тутунско производство, за дополнително финансирање на примарното земјоделско производство и за промоција на извозот | 718137 |
| 62 | 840-6852 | приходи остварени од наплата на парични казни и трошоци изречени во парничните, прекршочните, кривичните и управните постапки | 724153 |
| 63 | 840-6868 | еднократни надоместоци за добивање на одобренија за користење на радиофреквенциите кои се доделуваат преку јавен тендер | 725944 |
| 64 | 840-6873 | надомест за производство на енергија од фосилни горива | 718138 |
| 65 | 840-6889 | надомест за добивање на лиценца за продажба на алкохолни пијалаци | 718139 |
| 66 | 840-6894 | надомест за одржување на јавна чистота | 718140 |
| 67 | 840-6917 | надомест за добивање на лиценца за изработување на урбанистички планови | 718141 |
| 68 | 840-6922 | надомест за водење на жалбена постапка по јавни набавки | 724154 |
| 69 | 840-6938 | приходи на ЕЛС остварени при отуѓување и закуп на градежно земјиште сопственост на РМ | 733132 |
| 70 | 840-6943 | приходи остварени при отуѓување и закуп на градежно земјиште сопственост на РМ во постапки согласно кои паричните средства се распределуваат 60% на Буџетот на РМ и 40% на ЕЛС | 733133 |
| 71 | 840-7001 | надоместок за полагање стручен испит за стекнување звање управувач со чамец | 724155 |
| 72 | 840-7017 | надоместок за издавање одобрение за пристапување на странски пловен објект во внатрешните води на РМ | 724156 |
| 73 | 840-7022 | надоместок за издавање на бродски исправи и книги | 724157 |
| 74 | 840-7038 | надоместок за преглед на чамец | 724158 |
| 75 | 840-7043 | надоместок за вршење надзор над градба на чамец | 724159 |
| 76 | 840-7059 | приходи од продажба на капитални средства кои се имот на општините | 731120 |
| 77 | 840-7064 | надоместок за трајна пренамена на земјоделско земјиште | 733134 |
| 78 | 840-4634 | закуп на објекти и рекламен простор на граничен премин | 723915 |
| 79 | 840-4655 | надоместоци за користење на царински терминали | 725959 |
| 80 | 840-6964 | надомест за добивање на лиценца за проектирање, надзор и изведувач | 718142 |

## II. ПРИХОДИ НА ФОНДОВИТЕ

### 9. Приходи на Фонд за здравствено осигурување на Македонија

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 843-16 | дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување | 712211 |
| 2 | 843-37 | придонес за задолжително здравствено осигурување од бруто плати и надоместоци од плати на вработени кај правни лица | 712213 |
| 3 | 843-63 | придонес за задолжително здравствено осигурување од бруто плати на работници кај лица кои вршат самостојна дејност | 712216 |
| 4 | 843-84 | придонес за задолжително здравствено осигурување од лица кои вршат самостојна дејност | 712215 |
| 5 | 843-58 | придонес за задолжително здравствено осигурување на лица кои се занимаваат со земјоделство, сточарство, живинарство, пчеларство или риболов | 712221 |
| 6 | 843-1905 | придонес за задолжително здравствено осигурување на корисниците на пензии и парични надоместоци според прописите на пензиското и инвалидското осигурување | 712512 |
| 7 | 843-107 | придонес за задолжително здравствено осигурување на невработени лица | 712511 |
| 8 | 843-1926 | придонес за задолжително здравствено осигурување на корисници на права од социјална заштита | 712514 |
| 9 | 843-1947 | придонес за задолжително здравствено осигурување на други осигуреници (осигуреници кај странски работодавци или во служба во меѓународни мисии и организации, странски дипломатски и конзуларни претставништва, граѓани кои пристапиле кон задолжително здравствено осигурување) | 712222 |
| 10 | 843-1910 | средства за задолжително здравствено осигурување од Основниот Буџет | 712513 |
| 11 | 843-864 | придонес за здравствено осигурување за изминати години | 712223 |
| 12 | 843-1989 | приходи од наплата на партиципации | 725946 |
| 13 | 843-1968 | приходи од надомест на штета | 725947 |
| 14 | 843-1973 | други приходи на Фондот за здравствено осигурување | 712225 |
| 15 | 843-495 | камата за ненавремено плаќање на придонесите за здравствено осигурување | 725948 |

**10. Приходи на Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 843-128 | придонес за пензиско и инвалидско осигурување за стаж на осигурување што се смета со зголемено траење | 712111 |
| 2 | 843-149 | придонес од плати за пензиско и инвалидско осигурување за работниците кај правни лица | 712113 |
| 3 | 843-203 | придонес од плати на вработени кај физички лица кои вршат самостојна дејност | 712114 |
| 4 | 843-180 | придонес за пензиско и инвалидско осигурување на физички лица што вршат самостојна дејност | 712116 |
| 5 | 843-196 | придонес за продолжено пензиско-инвалидско осигурување | 712117 |
| 6 | 843-112 | придонес за пензиско и инвалидско осигурување што го плаќа Агенцијата за вработување за невработени лица | 712411 |
| 7 | 843-219 | придонес за пензиско и инвалидско осигурување за боледување над 21 денаод Фондот за здравствено осигурување | 712412 |
| 8 | 843-913 | придонес за пензиско и инвалидско осигурување за вработени кај странски и меѓународни органи и организации и дипломатски и конзуларни претставништва | 712121 |
| 9 | 843-432 | придонес за пензиско и инвалидско осигурување за изминати години | 712122 |
| 10 | 843-448 | дивиденда по основ на акции стекнати од трансформацијата | 734111 |
| 11 | 843-890 | придонес за пензиско и инвалидско осигурување на индивидуални земјоделци | 712124 |
| 12 | 843-453 | приходи од продажба на удели, акции и други хартии од вредност | 771212 |
| 13 | 843-411 | придонес за пензиско и инвалидско осигурување што го плаќа ФПИОМ за корисниците на надоместоци по основ на инвалидност | 712413 |
| 14 | 843-469 | придонес за пензиско и инвалидско осигурување што го плаќаат Центарот за социјални работи за надоместок на плата за скратено работно време поради нега на хендикепирано дете | 712414 |
| 15 | 843-502 | камата за ненавремено плаќање на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување | 725949 |

**11. Приходи на Агенцијата за вработување на Република Македонија**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 843-768 | придонес за вработување од плати на работниците од правни лица | 712311 |
| 2 | 843-789 | придонес за вработување од плати на работниците вработени кај лица кои вршат самостојна дејност, односно кај физички лица | 712315 |
| 3 | 843-747 | придонес за вработување што го уплатуваат работници на привремена работа во странство | 712316 |
| 4 | 843-635 | придонес за вработување за изминати години | 712317 |
| 5 | 843-518 | камата за ненавремено плаќање на придонесите за вработување | 725950 |

## III. ПРИХОДИ НА ДРУГИ ФОНДОВИ И ДРУГИ ПРИХОДИ

**12. Приходи на Фондот за води**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 842-1562 | придонес од доход за водостопанство | 725925 |
| 2 | 842-250 | приходи за водостопанство од физички лица | 725926 |
| 3 | 842-224 | други приходи за водостопанство | 725927 |

**13. Приходи на Агенција за магистрални и регионални патишта**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | 842-320 | надомест за употреба на јавните патишта (патна такса) за моторни и приклучни возила што подлежат на регистрација | 718213 |
| 2 | 842-292 | надомест за употреба на јавните патишта (патна такса) за моторни и приклучни возила - странски превозници | 718212 |
| 3 | 842-39981 | надомест за употреба на автопат или магистрален пат, нивен дел или објект на патот (автопатска такса) | 718211 |
| 4 | 842-357 | надомест за изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место | 718215 |
| 5 | 842-362 | надоместоци за штета сторена на патот и објектите на патот | 718216 |
| 6 | 842-196 | други приходи на Агенцијата за магистрални и регионални патишта | 725928 |

**Прилог 2**

**СПИСОК**
**НА ОПШТИНИ СО ОЗНАКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

| Реден број | Назив на општината | Ознака на општината |
|---|---|---|
| 1 | Арачиново | 101 |
| 2 | Берово | 102 |
| 3 | Битола | 103 |
| 4 | Богданци | 104 |
| 5 | Боговиње | 105 |
| 6 | Босилово | 106 |
| 7 | Брвеница | 107 |
| 8 | Валандово | 108 |
| 9 | Василево | 109 |
| 10 | Вевчани | 110 |
| 11 | Велес | 111 |
| 12 | Виница | 112 |
| 13 | Вранештица | 113 |
| 14 | Врапчиште | 114 |
| 15 | Гевгелија | 115 |
| 16 | Гостивар | 116 |
| 17 | Градско | 117 |
| 18 | Дебар | 118 |
| 19 | Дебарца | 119 |
| 20 | Делчево | 120 |
| 21 | Демир Капија | 121 |
| 22 | Демир Хисар | 122 |
| 23 | Дојран | 123 |
| 24 | Долнени | 124 |
| 25 | Другово | 125 |
| 26 | Желино | 126 |
| 27 | Зајас | 127 |
| 28 | Зелениково | 128 |
| 29 | Зрновци | 129 |
| 30 | Илинден | 130 |
| 31 | Јегуновце | 131 |
| 32 | Кавадарци | 132 |
| 33 | Карбинци | 133 |
| 34 | Кичево | 134 |
| 35 | Конче | 135 |
| 36 | Кочани | 136 |
| 37 | Кратово | 137 |
| 38 | Крива Паланка | 138 |
| 39 | Кривогаштани | 139 |
| 40 | Крушево | 140 |
| 41 | Куманово | 141 |
| 42 | Липково | 142 |
| 43 | Лозово | 143 |
| 44 | Маврово и Ростуше | 144 |
| 45 | Македонски Брод | 145 |
| 46 | Македонска Каменица | 146 |
| 47 | Могила | 147 |
| 48 | Неготино | 148 |
| 49 | Новаци | 149 |
| 50 | Ново Село | 150 |
| 51 | Осломеј | 151 |
| 52 | Охрид | 152 |
| 53 | Петровец | 153 |
| 54 | Пехчево | 154 |
| 55 | Пласница | 155 |

| | | |
|---|---|---|
| 56 | Прилеп | 156 |
| 57 | Пробиштип | 157 |
| 58 | Радовиш | 158 |
| 59 | Ранковце | 159 |
| 60 | Ресен | 160 |
| 61 | Росоман | 161 |
| 62 | Старо Нагоричане | 162 |
| 63 | Свети Николе | 163 |
| 64 | Сопиште | 164 |
| 65 | Струга | 165 |
| 66 | Струмица | 166 |
| 67 | Студеничани | 167 |
| 68 | Теарце | 168 |
| 69 | Тетово | 169 |
| 70 | Центар Жупа | 170 |
| 71 | Чашка | 171 |
| 72 | Чешиново и Облешево | 172 |
| 73 | Чучер Сандево | 173 |
| 74 | Штип | 174 |
| 75 | Аеродром | 175 |
| 76 | Бутел | 176 |
| 77 | Гази Баба | 177 |
| 78 | Ѓорче Петров | 178 |
| 79 | Карпош | 179 |
| 80 | Кисела Вода | 180 |
| 81 | Сарај | 181 |
| 82 | Центар | 182 |
| 83 | Чаир | 183 |
| 84 | Шуто Оризари | 184 |
| 85 | Град Скопје | 185 |